РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 03-9105/1
22-08-2018 20___ год.
СКОПЈЕ I

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( Службен весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/08, 167/10 и 51/2011), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШЕН РЕД И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Член 1

Во Правилникот за внатрешен ред и функционирање на Министерството за труд и социјална политика бр. 03-7023/1 од 29.09.2017 година, во членот 17 ставот 6 се менува и гласи:

"Вработениот има право на приватно отсуство во траење од 2 часа во текот на месецот. Приватното отсуство се најавува кај непосредно претпоставениот раководител и секторот за управување со човечки ресурси. Вработениот е должен истото да го евидентира во системот за електронска евиденција при излез од министерството. Потребата за отсуство од работа во текот на работното време вработените го остваруваат преку електронска комуникација (е-маил) со непосредно претпоставениот раководител, односно државниот секретар, и отсуството задолжително го регистрираат со употребување на електронските картички во системот за електронска евиденција".

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на огласната табла во министерството и органите во состав.

МИНИСТЕР,
Мила Царовска

Изработил:Б.Митковски
Одобрил:Л.Ничевска